Organet nga neni 2 të këtij ligji janë të obliguara ta njoftojnë Avokatin e popullit për masat e ndërmarrura për zbatimin e kërkesave, propozimeve, mendimeve apo rekomandimeve të tij, në aftin të cilin do ta caktojë ai, e më së voni në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të kërkesës së dorëzuar nga Avokati i popullit.

Nëse organi nuk e njofton Avokatin e popullit konform paragrafit 1 të këtij neni ose nëse konkluzat, kërkesat, propozimet, mendimet ose rekomandimet e tij i pranon vetëm pjesërisht, Avokati i popullit me raport të posaçëm e informon organin më të lartë të drejtpërdrejtë, funksionarin që udhëheq me organin nga neni 2 i këtij ligji ose Qeverinë e Republikës së Maqedonisë, dhe nëse këta nuk i ndërmarrin masat e nevojshme, atëherë e informon Kuvendin e Republikës së Maqedonisë.

Avokati i popullit mundet, kur është konstatuar cenimi i të drejtave kushtetuese dhe ligjore, me harxhim të organit nga paragrafi 2 i këtij ligji të cilit i përket lënda, rastin ta publikojë në mjetet e informimit.

Neni 35

Nëse organet nga neni 2 të këtij ligji veprojnë sipas kërkesave, rekomandimeve, mendimeve dhe propozimeve të nenit 34 të këtij ligji në afatin e caktuar, Avokati i popullit do të konstatojë se procedura ka përfunduar dhe për këtë do ta njoftojë menjëherë paraqitësin e parashtresës.

IV. PUBLICITETI NË PUNË

Neni 36

Për shkallën e sigurimit të respektit, përparimit dhe mbrojtjes së të drejtave kushtetuese dhe ligjore të qytetarëve dhe për respektimin e parimeve të mosdiskriminimit dhe përfaqësimit adekuat dhe të drejtë të pjesëtarëve të bashkësive nga ana e organeve nga neni 2 të këtij ligji, Avokati i popullit e informon Kuvendin e Republikës së Maqedonisë me raport vjetor.

Raportin nga paragrafi 1 të këtij neni Kuvendi i Republikës së Maqedonisë e shqyrton në mledhjen e Kuvendit, ku doemos marrin pjesë anëtarët e Qeverisë të Republikës së Maqedonisë, përkatësisht përfaqësuesit e saj.

Raporti i Avokatit të popullit detyrimisht publikohet në mjetet e informimit publik.

Neni 37

Avokati i popullit, për punët nga kompetenca e tij, organeve të njësive të vetadministrimit lokal në rajonin e të cilave është e organizuar zyra si njësi organizative e Avokatit të popullit, mund t`u dërgojë raport të posaçëm.

Raportet e posaçme nga paragrafi 1 të këtij neni, lajmërimet dhe veprimet tjera të ndërmarrura, Avokati i popullit mund t'i publikojë në mjetet e informimit publik.

V. POZITA JURIDIKE E AVOKATIT TË POPULLIT

Neni 38

Avokati i popullit dhe zëvendësit e Avokatit të popullit nuk mund të merren në përgjegjësi për mendimin e dhënë dhe veprimet, masat dhe aktivitetet e ndërmarrura në kryerjen e funksionit të tij.

Neni 39

Avokati i popullit, zëvendësit e Avokatit të popullit dhe të punësuarit në shërbimin profesional kanë legjitimacion zyrtar.

Formularin, përmbajtjen, procedurën dhe mënyrën e dhënies, shfrytëzimit dhe marrjes së legjitimacionit zyrtar me akt të përgjithshëm e rregullon Avokati i popullit.

Neni 40

Avokati i popullit dhe zëvendësit e Avokatit të popullit të cilët deri në zgjedhjen e tyre kanë qenë në marrëdhënie pune, kanë të drejtë që në afat prej 30 ditësh nga ndërprerja e mandatit të kthehen në vendin e punës e cila i përgjigjet shkallës së tyre të përgatitjes profesionale.

Neni 41

Avokati i popullit, zëvendësit e Avokatit të popullit dhe të punësuarit në shërbimin profesional të Avokatit të popullit kanë të drejtë dhe obligim për aftësim dhe përsosje të përhershme profesionale.

Për nevojat e aftësimit dhe përsosjes profesionale sigurohen mjete të posaçme nga pjesa e buxhetit, të destinuara për Avokatin e popullit.

Neni 42

Si të drejta të posaçme të Avokatit të popullit dhe zëvendësve të Avokatit të popullit, gjatë kryerjes së funksionit, konsiderohen:

- e drejta të hyjnë dhe të kenë qasje të lirë në stacionet, aeroportet dhe portet, vetëm duke e treguar legjitimacionin zyrtar;
- e drejta për shfrytëzim pa pagesë të komunikacioni publik, tokësor ose të liqeneve në territorin e Republikës së Maqedonisë, dhe
- e drejta për mbrojtje të veçantë të personalitetit të tij, të familjes dhe pronës, me kërkesë të tij drejtuar policisë në vendin e banimit, çdo herë kur për këtë ekzistojnë arsye serioze për sigurinë e tij.

VI. SHËRBIMI PROFESIONAL

Neni 43

Aktet e përgjithshme për organizimin e punës dhe sistematizimin e vendeve të punës me të cilat përcaktohet lloji dhe numri i nëpunësve shtetëror dhe punëtorëve dhe detyrat e tyre të punës, i nxjerr Avokati i popullit.

Neni 44

Për kryerjen e detyrave nga kompetencat e Avokatit të popullit organizohen zyrat vijuese si njësi rajonale organizative të Avokatit të popullit:

1. Zyra e Avokatit të popullit në Tetovë;
2. Zyra e Avokatit të popullit në Kërçovë;
3. Zyra e Avokatit të popullit në Shtip;
4. Zyra e Avokatit të popullit në Strumicë;
5. Zyra e Avokatit të popullit në Kumanovë, dhe
6. Zyra e Avokatit të popullit në Manastir.

Me zyrat e Avokatit të popullit udhëheq zëvendësi i Avokatit të popullit.

Avokati i popullit me akt të përgjithshëm më për së afërmi e rregullon mënyrën e punës dhe numrin e të punësuarve në zyrat e Avokatit të popullit, të cilat i kryejnë punët nga kopetencat e Avokatit të popullit.

Neni 45

Për shkak të mbrojtjes më efikase dhe më të sukseshme të të drejtave kushtetuese dhe ligjore të qytetarëve në sfera të caktuara, Avokati i popullit mund të organizojë dhe të formojë sektorë.

Avokati i popullit me akt të përgjithshëm më për së afërmi e rregullon mënyrën e punës dhe numrin e të punësuarve nëpër sektorë, të cilët do t`i kryejnë punët në sferën që janë në kompetencë të Avokatit të popullit.

Neni 46

Avokati i popullit nga radhët e nëpunësve udhëheqës shtetërorë emëron sekretarin e përgjithshëm.

Mandati i sekretarit të përgjithshëm të Avokatit të popullit zgjat aq sa zgjat mandati i Avokatit të popullit.

Sekretari i përgjithshëm i Avokatit të popullit udhëheq me shërbimin profesional.

Neni 47

Avokati i popullit për punën e tij nxjerr Rregullore për punën e Avokatit të popullit.

Me Rregulloren për punë të Avokatit të popullit rregullohen më për së afërmi mënyra e punës dhe procedura para Avokatit të popullit.

Rregullorja për punë e Avokatit të popullit shpallet në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

VII. MJETET PËR PUNË

Neni 48

Avokati i popullit për kryerjen e funksionit të tij, në shërbimin e tij ka resurse adekuate, mjete dhe personel.

Mjetet për punë të Avokatit të popullit sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë.

Kuvendi veças e voton pjesën e destinuar për Avokatin e popullit në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë.

Neni 49

Rrogat dhe kompensimet tjera të Avokatit të popullit dhe zëvendësve të Avokatit të popullit përcaktohen me ligj.

VIII. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 50

Rregullorja për punë e Avokatit të popullit dhe aktet për organizimin e punës dhe sistematizimin e vendeve të punës do të harmonizohen me dispozitat e këtij ligji në afat prej 6 muajsh nga dita e hyrjes së ligjit në fuqi.

Akti për mënyrën e realizimit të të drejtave të posaçme të Avokatit të popullit, të zëvendësve të Avokatit të popullit dhe personave të autorizuar nga Avokati i popullit nga neni 42 i këtij ligji dhe akti për mënyrën e punës dhe numrin e të punësuarve në njësitë organizative të Avokatit të popullit nga neni 44 paragrafi 3 të këtij ligji, do të nxirren në afat prej 6 muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Vendimin për numrin e zëvendësve të Avokatit të popullit nga neni 5 paragrafi 2 të këtij ligji e merr Kuvendi i Republikës së Maqedonisë në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 51

Njësitë organizative do të fillojnë punën më së voni në afat prej 6 muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 52

Me hyrjen në fuqi të këtij ligji pushon të vlejë Ligji për Avokatin e popullit ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 7/97).

Neni 53

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1339.

Врз основа на член 63 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 17 септември 2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се верифицира мандатот на пратеникот

Зоран Заев.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4586/1
17 септември 2003 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

1340.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), а во врска со членовите 4 и 17 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на РМ" бр. 61/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 септември 2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА МОТОРНО ВОЗИЛО

Член 1

Се пренесува правото на времено користење на патничко моторно возило марка - "KRAJSLER" со регистарски број SK 015 JZ, број на шасија: IC3EMB6HXYN297848, број на мотор: YN297848, година на производство 2000 и кубатура/киловати 120, од досегашниот корисник Министерство за внатрешни работи, на новиот корисник Основното јавно обвинителство во Скопје, во траење од пет години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 2

Примопредавањето на возилото од член 1 на оваа одлука, да се изврши меѓу Министерството за внатрешни работи и Основното јавно обвинителство во Скопје, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Се задолжува Основното јавно обвинителство во Скопје, по истекот на рокот од член 1 на оваа одлука, да го врати возилото во владение на Министерството за внатрешни работи, во состојба во која што го примило.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3997/1
15 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1341.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), а во врска со членовите 4 и 17 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на РМ" бр. 61/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 септември 2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА МОТОРНО ВОЗИЛО

Член 1

Се пренесува правото на времено користење на патничко моторно возило марка - "AUDI" тип 80 1.8 S, број на шасија: WAUZZZ89ZJA384637, број на мотор: PMO12373, година на производство 1988, од досегашниот корисник, Основното јавно обвинителство во Скопје, на новиот корисник Министерство за внатрешни работи, во траење од пет години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 2

Примопредавањето на возилото од член 1 на оваа одлука, да се изврши меѓу Основното јавно обвинителство во Скопје и Министерството за внатрешни работи, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Се задолжува Министерството за внатрешни работи, по истекот на рокот од член 1 на оваа одлука, да го врати возилото во владение на Основното јавно обвинителство во Скопје, во состојба во која што го примило.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3996/1 Претседател на Владата
15 септември 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

1342.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.09.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТ ПО ОСНОВ НА СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ ЗА РАБОТНИЦИТЕ ОД ХЕК "ЈУГОХРОМ" - ЈЕГУНОВЦЕ

1. Во Одлуката за исплата на паричен надомест по основ на структурни реформи за работниците од ХЕК "Југохром" - Јегуновце ("Службен весник на РМ" бр. 39/2002) во точка 1 став 1 износот "135.051.866,00" се заменува со износот "135.346.337,00", а во алинеја 2 износот "90.177.128,00" се заменува со износот "90.471.599,00".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4008/1 Претседател на Владата
15 септември 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

1343.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.09.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПЛАТА НА ЕДНОКРАТЕН ПАРИЧЕН НАДОМЕСТ ПО ОСНОВ НА СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ

1. На работниците од АД "МИКРОН" - Прилеп да им се исплати еднократен паричен надоместок по основ на структурни реформи во вкупен износ од 14.378.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 ќе се исплатат од Буџетот на Република Македонија за 2003 година, Раздел 09002- Министерство за финансии-функција на државата, Програма 12-функција, Ставка 443, Потставка 443312 - Надомест по основ на структурни реформи.

Средствата од точка 1 ќе бидат исплатени најдоцна до 31.12.2003 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии да ја спроведе оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4013/1 Претседател на Владата
15 септември 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

1344.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.09.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Член 1

Распоредот на работното време во Владата на Република Македонија**,** министерствата и другите органи на државната управа се утврдува од 8 до 16 часот, а ќе почне да се применува од 1 октомври 2003 година.

Член 2

Одморот во текот на дневното работно време во траење од 30 минути во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, ќе се користи од 10,30 до 11,00 часот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4029/1 Претседател на Владата
15 септември 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

1345.

Врз основа на член 24 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95, 43/95 и 43/99), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/01, 50/01, 52/01 и 45/02) и членовите 28, 29 и 30 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01 и 21/03) член 35, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 септември 2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

1. Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	**ден/лит.**
- МБ - 86	до 14,069
- МБ - 98	до 15,340
- БМБ - 95	до 15,582

б) Дизел гориво	**ден/лит.**
- Д - 1	до 14,000
- Д - 2	до 13,576

в) Масло за горење	**ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ)	до 14,357

г) Мазут до 10,444 ден/кг.

2. Претпријатијата и другите правни лица, како и вршителите на дејност со личен труд што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија), ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	**ден/лит.**
- МБ - 86	до 50,50
- МБ - 98	до 52,00
- БМБ - 95	до 49,00

б) Дизел гориво	**ден/лит.**
- Д - 1	до 35,50
- Д - 2	до 35,00

в) Масло за горење	**ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ)	до 25,00

г) Масло за горење (мазут) до 12,914 ден/кг.

Цените од став 1 на оваа точка, потточките "а", "б" и "в" важат франко пумпна станица, а цената на потточката "г" важи франко производител во земјата.

Во малопродажните цени содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

3. Во малопродажните цени утврдени со точка 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	**ден/лит.**
- МБ - 86	25,128
- МБ - 98	25,128
- БМБ - 95	22,343

б) Дизел гориво	**ден/лит.**
- Д - 1	12,485
- Д - 2	12,485

в) Масло за горење	**ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ)	3,229

г) Масло за горење (мазут) 0,100 ден/кг.

4. Во цените од точка 2 освен во потточката "г" на оваа одлука содржани се и трошоците за превоз од 0,400 ден/литар, а трошоците на прометот изнесуваат:

а) Моторни бензини	**ден/лит.**
- МБ - 86	до 3,20
- МБ - 98	до 3,20
- БМБ - 95	до 3,20

б) Дизел гориво	**ден/лит.**
- Д - 1	до 3,20
- Д - 2	до 3,20

в) Масло за горење	**ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ)	до 3,20

г) Масло за горење (мазут) до 0,4 ден/кг.

5. Од износот на платените акцизи од точка 3 на оваа одлука, Министерството за финансии ќе врши уплата во износ од 9,18% на сметка на Фондот за пензиско-инвалидско осигурување.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 23.09.2003 година.

Бр. 23-4126/1
22 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1346.

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98 и 49/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 септември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЗАВОДОТ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА, ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

1. Во Решението за разрешување и именување претседател и членови на Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј - Прилеп ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2003), во точка 1 потточка а) наместо "Љубица Ристеска" треба да стои "Славица Алексоска".

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2997/5
1 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1347.

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98 и 49/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 септември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МУЗЕЈОТ НА ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА ВО НОВ КИЧЕВО

1. Од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Музејот на Западна Македонија во НОВ - Кичево се разрешуваат:

а) претседателот
- Радован Милососки

б) членовите
- Ристо Димитриески,
- Вецко Здравески,
- Гоце Вељаноски,
- Димитар Николоски.

2. За претседател и членови на Управниот одбор на Музејот на Западна Македонија во НОВ - Кичево се именуваат:

а) за претседател
- Крсте Крстески, професор во ДСУ "Мирко Милески" - Кичево

б) за членови
- Љуљзим Садику, дипл. професор по историја,
- Зоран Миладиновски, апсолвент на Правниот факултет - Скопје.

Од редот на вработените:
- Ѓоце Вељаноски, кустос,
- Ѓорѓија Сајкоски, кустос.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3690/2
1 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1348.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98 и 49/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 септември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "БЛАГОЈ ЈАНКОВ - МУЧЕТО" СТРУМИЦА

1. Киро Козаров се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата "Благој Јанков - Мучето" - Струмица.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3846/2
1 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1349.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98 и 49/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 септември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА НАРОДНАТА БИБЛИОТЕКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ГЕВГЕЛИЈА

1. Кита Боева се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Народната библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3847/2
1 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1350.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98 и 49/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 септември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "БЛАГОЈ ЈАНКОВ - МУЧЕТО" - СТРУМИЦА

1. За вршител на должноста директор на Домот на културата "Благој Јанков - Мучето" - Струмица се именува Димитрије Анастасов, дипл. политиколог.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3894/1
1 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1351.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98 и 49/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 септември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА МАТИЧНАТА БИБЛИОТЕКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ГЕВГЕЛИЈА

1. За вршител на должноста директор на Матичната библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија се именува Слободанка Дуева, виш кустос - библиотекар во Библиотеката.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3895/1
1 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1352.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003 и 40/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 септември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

1. За државен секретар во Министерството за надворешни работи се именува Игор Џундев, државен советник за мултилатерални односи во Министерството за надворешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3984/2
10 септември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1353.

Врз основа на член 13 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/00, 109/01, 31/01, 4/02, 55/02 и 42/03), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на царинските службеници (во натамошниот текст: службена легитимација).

Член 2

Службената легитимација е изработена од 135 грамска хартија кундздрук, во зелена боја, пластифицирана со 175 микронска фолија, со димензии 9,7 см. X 6,00 см. која е сместена во четвороделен кожен повез со црна боја, и секој дел е со големина 12,5 см. X 7,8 см. и се издава на образец кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Службената легитимација е сместена во десната страна од кожниот повез, под прозирна пластична фолија.

На предната страна образецот содржи: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", "МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ", "ЦАРИНСКА УПРАВА" и "СЛУЖБЕНА ЛЕ-

ГИТИМАЦИЈА“, десно во средина, има место за фотографија со димензии 1,7 см. Х 2,00 см., а под неа е дел каде е впишан бројот на службената легитимација, во горниот лев агол е симболот на Царинската управа на Република Македонија, под “СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА“ се впишуваат податоци: за името и презимето на царинскиот службеник.

На задната страна се впишуваат податоците за: датум на раѓање на царинскиот службеник, живеалиште, датумот на издавањето на службената легитимација, ЦАРИНСКА УПРАВА НА Р.М., регистарски број, крвна група, потпис на овластеното лице и печат на Царинската управа на Република Македонија.

На надворешната горна страна од кожниот повез се наоѓа метална значка која во горниот дел има ознака на Република Македонија “РМ“, во средишниот дел содржи симбол на Царина на Република Македонија со натпис над него во горниот дел “CUSTOMS“, во долниот дел под симболот “ЦАРИНА“, како и втиснат број истоветен со бројот на легитимацијата.

Член 4

Директорот на Царинската управа на Република Македонија или од него овластено лице, ја издава службената легитимација.

За издадените службени легитимации се води евиденција.

Евиденцијата за издадените службени легитимации содржи: реден број, име и презиме на царинскиот службеник на кој му е издадена службената легитимација, датум на издавањето, број на службената легитимација, назив на организационата единица при Царинската управа на Република Македонија каде што царинскиот службеник е распореден во време на издавањето на службената легитимација, како и рубрика за забелешки во која се запишуваат измените на податоците.

Член 5

Службената легитимација му се издава на царинскиот службеник додека работи на работи и задачи како униформиран царински службеник, односно царински службеник со посебни должности и овластувања.

Член 6

Носителот на легитимацијата кој ја изгубил службената легитимација или на друг начин останал без неа ја известува Царинската управа на Република Македонија заради бришење на службената легитимација од евиденција.

Член 7

Носителот на службената легитимација на кој ќе му престане работниот однос или ќе биде распореден на друго работно место, во рок од 24 часа ја предава легитимацијата во Царинската управа на Република Македонија.

Член 8

Службената легитимација се заменува со нова, кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива и истата се брише од евиденција.

Кога носителот на службената легитимација ќе го промени личното име му се издава нова легитимација, а старата службена легитимација се брише од евиденција.

Член 9

Службените легитимации кои се враќаат или заменуваат се ништат.

Член 10

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за службени легитимации на работниците во Царинската управа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/94).

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 18-19583/1
18 септември 2003 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Петар Гошев**,с.р.



1354.

Врз основа на член 13 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/00, 109/01, 31/01, 4/02, 55/02 и 42/03), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА СЛУЖБЕНА ОБЛЕКА, ОЗНАКИ НА ЧИНОВИТЕ И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува кројот, бојата, ознаките на чиновите, начин на доделување, користење и времето на траење на службената облека на царинските службеници кои работат на работи и задачи како униформирани царински службеници, односно царински службеници со посебни должности и овластувања, како и заменик на директорот и директорот на Царинската управа.

Член 2

Службената облека во зависност од сезоната е зимска или летна.

Зимската службена облека се носи почнувајќи од 15 октомври до 31 март наредната година, летната службена облека се носи почнувајќи од 1 април до 14 октомври истата година.

Во зависност од временските услови на подрачјето на Царинарницата, Управникот на Царинарницата може да одлучи зимската, односно летната службена облека да може да се носи надвор од периодот утврден од став 2 на овој член.

Член 3

Зимската службена облека за мажи се состои од: зимска јакна, панталони, капа, кошула со долги ракави, блуза - џемпер, елек, ветровка, кожни ракавици, чевли.

Летна службена облека за мажи се состои од: летна јакна, панталони, капа, кошула со кратки ракави, чевли.

Член 4

Зимската службена облека за жени се состои од: зимска јакна, панталони, капа, кошула со долги ракави, блуза - џемпер, елек, ветровка, кожни ракавици, чевли.

Летна службена облека за жени се состои од: летна јакна, панталони, капа, кошула со кратки ракави, чевли.

Член 5

Основна боја на деловите на службената облека е темно тиркизна, освен зимската и летната кошула (машка и женска) - бела, чевлите црни.

Зимската службена облека за мажи и жени е со состав на ткаенина: 85% рунска волна, 15% полиестер.

Летната службена облека за мажи и жени е со состав на ткаенина: 65% рунска волна, 35 % полиестер.

Член 6

Службената облека е со следниот крој:

1. Зимска јакна - се закопчува со патент во шоблајсна до грлото каде што се закопчува со едно копче. Крагњата е буби подигната со штеј назад позади на вратот. Напред горе од двете страни има по еден нашиен џеб со фалта по средината, капак и се закопчува со копче. Долните џебови се косо поставени со лајсна од 4,7 см. ширина. Задницата е од два дела. Горе е сечена во вид на сатла, а по средината надолу има внатрешна фалта. Ракавот е од два дела. По должината има фалти свртени наназад (две фалти на горниот и две фалти на долниот ракав). Ракавот по должина завршува со манжетна и се закопчува со копче. На десниот ракав горе е нашиен амблем, а на левиот ракав горе етикетата царина. По должина јакната има појас од 7 см. ширина. Напред се закопчува со две копчиња, а од двете страни на појасот е затегнат со ластик проштепан по средина. Јакната внатре е нашиена со пополнета штепна постава. На левата страна на поставата има еден внатрешен џеб со два филца од постава. Од двете страни на рамото има еполети што се закопчуваат со копче. Сите надворешни штепови на јакната се дупли.

2. Панталони - (зимски и летни) се со вообичаен крој, со по две фалти на предницата свртени бочно према џебот. Однапред од двете страни имаат по еден кос џеб и потребен број гајки за ремен. Ногавиците на панталоните се без манжетни и на долниот крај се широки од 22 до 24 см. Панталоните се поставени до под колено со постава во боја на основниот материјал. На десната задна страна има џеб со два паспула, рупица и копче. Џебот е со стандардна големина 14 см.

3. Капата - е во спортски стил. Составена е од пет парчиња. Предното парче е со ушиток и на средина е нашиен амблемот. Парчињата на капата се раштепани со штепови од 6 мм. ширина. Сонцебранот е појачан со пластика и е проштепан со 6 штепа. Внатре капата е обложена со постава во иста боја како ткаенината. Напред внатрешната страна е појачана. Околу обемот на капата има ивица од основната ткаенина пополнета со фателин. Назад капата се прилагодува со пластичен регулатор.

4. Кошула со долги ракави - е изработена од пуплин во бела боја, со еден џеб на левата предница и со вообичаен крој.

5. Кошула со кратки ракави - е изработена од пуплин во бела боја, од двете страни на предниците има по еден џеб, кои се со испуска погодна за закопчување со едно копче во средината на испуската.

6. Блуза-џемпер - е со долги ракави и појачање од ткаенина, изработен од сировина во состав (50% рунска волна и 50% синтетика-полиакрил), нумера на предиво НМ-36/1, преплетај на делови и ракави: REX/REX, преплетај на врат и почетоци на делови и ракави РИБ 2 х 1 со џеб на левата предна страна.

7. Елек - (без ракави) е изработен од сировина во состав (50% рунска волна и 50% синтетика-полиакрил), нумера на предиво НМ-36/1, преплетај на делови: REX/REX, преплетај на лајсни (врат, ракави): РИБ 1 х 1, со вообичаен крој.

8. Ветровката - е произведена со голема густина абразивна, отпорна на вода, од природен материјал обложена со микро-порос ламинат. Сите надворешни рабови се штепувани. Ветровката е зарабена со полиестер материјал и е полнета со полиестер зимска постава која може да се вади. Има гајка на вратот. Ветровката е со должина 3/4, односно најмала величина е еднаква на 80 см. помеѓу работ на крагњата и долниот дел. Има гајка на вратот. Широчината на ракавите околу зглобот се прилагодува и регулира со чичак трака. Долниот дел на ветровката може да се прилагодува со врвка. На долниот дел каде се наоѓа врвцата и средниот дел помеѓу половината и лактот на секој ракав има три и пола см. широка трака од флуоросцентен материјал. Ветровката има по два џеба на градите, колковите, два за греење на раце и еден сместен во горниот дел од левата рака. Двата џеба на градите имаат парче за затворање и патент, додека џебовите на колковите и ракавите имаат парче за затворање.

Ветровката има два внатрешни џеба со патент.

- Левиот внатрешен џеб е доволен за документот со А 4 големина.

- Десниот внатрешен џеб е помал и е за носење на лични работи како паричник; има дел за пенкала.

Ветровката се затвора однапред со патент во две насоки кој се протега до завршетокот на крагњата. Патентот е покриен со материјал кој штити од ветер што се закопчува со пет чичак траки. Работ на крагната се отвара со можност за вадење на капуљачата од внатре. Можно е капуљачата да се стави и изади со патент кој се наоѓа на долниот дел од капуљачата. Големината и изгледот на капуљачата се регулираат со врвци кои се наоѓаат на вратот и главата.

9. Летната јакна - изгледот и кројот на јакната е во потполност ист со зимската јакна од точка 1, со состав на ткаенината искажан во член 5 став 4, и постава која не е штепана со попуна.

10. Кожни ракавици - се со вообичаен крој со раздвоени прсти, во црна боја, од внатрешната страна поставени.

11. Чевли - се со вообичаен крој со црна боја со кожен или гумен ѓон.

Деловите на службената облека во внатрешната страна на вообичаено место имаат етикета со ознака на фирмата, големината, како и инструкциите за одржување.

Член 7

Јакната, панталоните, капата, кошулата со долги ракави, кошулата со кратки ракави, блузата, елекот, ветровката, јакна, кожните ракавици и чевлите за жени се изработени од ист материјал и се со иста боја и изглед како и соодветни делови на службената облека за мажи, со тоа што нивниот крој е прилагоден според анатомската конструкција на жената.

Член 8

На службената облека на царинските службеници се ставаат ознаки на чинови.

Ознаката на чинот се наоѓа на предниот лев дел од зимската јакна, ветровката, летната јакна, блузата-џемпер и кошулата со кратки ракави.

Член 9

За царинските службеници (цариник, водич на царинско куче, главен оператор на мрежа, оператор на мрежа, оператор, административен оператор, техничар за поддршка и координација, референт за продажба на царинска стока, виш цариник, помлад инспектор, инспектор, виш инспектор, главен инспектор, виш цариник контролор, систем инженер, виш цариник водич на смена, водител на отсек, советник, самостоен советник, шеф на служба, шеф на царинска испостава, началник на одделение, помошник управник на царинарницата, управник на царинарница), ознаката на чинот е правоаголно поле со димензии 6 см. х 3 см., изработена во основната боја на службената облека, а во средишниот дел на полето се наоѓаат златно извезени ленти со кои се означува степенот на стручната спрема и работите кои царинскиот службеник ги обавува и тоа:

1. За царински службеник со средна стручна спрема златно жолто извезена лента водорамно поставена со димензии од 4 см. х 0,4 см; (Прилог 1)

2. За царински службеник со виша и висока стручна спрема, две златно жолто извезени ленти, водорамно поставени, на меѓусебно растојание од 0,7 см. во полето, секоја со димензии од 4 см. х 0,4 см; (Прилог 2).

3. За царинскиот службеник раководител во организациона единица од став 1 од овој член освен за помошник управник и управник, две златно жолто извезени ленти, водорамно поставени на меѓусебно растојание од 0,5 см. во полето, горната лента со димензии од 4 см. х 0,4 см., а долната лента со димензии од 4 см. х 0,8 см.; (Прилог 3).

4. За помошник управник на царинарницата и началник на одделение, две златно жолто извезени летни, водорамно поставени на меѓусебно растојание од 0,5 см. во полето и секоја со димензии од 4 см. х 0,8 см.; (Прилог 4).

5. За управник на царинарницата, две златно жолто извезени ленти, водорамно поставени на меѓусебно растојание од 0,5 см. во полето и секоја со димензии од 4 см. х 0,8 см. На 0,1 см. внатрешно од рабовите на полето е извезена златно жолта лента со ширина од 0,1 см.; (Прилог 5).

6. За советник на директорот и помошник на директорот на Сектор, ознаката на чинот е правоаголно поле со димензии 6,5 см. х 3,4 см., изработена во основната боја на службената облека, а во средишниот дел на полето се наоѓаат две златно жолти извезени ленти, водорамно поставени на меѓусебно растојание од 0,5 см. во полето и секоја со димензии од 4 см. х 0,8 см. На 0,1 см. внатрешно од рабовите на полето се извезени две златно жолти ленти со ширина од 0,1 см.; (Прилог 6).

7. За заменик на директорот, ознаката на чинот е правоаголно поле со димензии 6,8 см. х 3,8 см., изработена во основната боја на службената облека, а во средишниот дел на полето се наоѓаат две златно жолти извезени ленти, водорамно поставени на меѓусебно растојание од 0,5 см. во полето и секоја со димензии од 4 см. х 0,8 см. На 0,1 см. внатрешно од рабовите на полето се извезени три златно жолти ленти со ширина од 0,1 см.; (Прилог 7).

8. За директорот на Царинската управа на Република Македонија, ознаката на чинот е правоаголно поле со димензии 6,8 см. х 5,5 см., изработена во основната боја на службената облека, во долниот дел на полето се наоѓаат две златно жолто извезени ленти, водорамно поставени на меѓусебно растојание од 0,5 см. во полето и секоја со димензии од 4 см. х 0,8 см. На 0,1 см. внатрешно од рабовите на полето се извезени три златно жолти ленти со ширина од 0,1 см. На средината на горниот дел се наоѓа извезена златно жолта звезда.; (Прилог 8).

Член 10

На средина на предниот дел на капата навезен е амблемот опишан во член 12 на овој правилник.

Член 11

На горниот дел од левиот ракав од зимската јакна, ветровката, летната јакна, блузата - џемпер и кошулата со кратки ракави, на растојание од 12 см. од горниот раб на ракавот се наоѓа во блага полукружна форма и димензии 7,5 см. х 2 см. со златно жолто извезени букви „ЦАРИНА“, врамена со златно жолта извезена лента со ширина од 0,2 мм. (Прилог 9).

Член 12

Царинскиот службеник на службената облека го носи и амблемот кој се наоѓа веднаш под ознаката на чинот за степенот на стручната спрема и работите кои царинскиот службеник ги обавува. Амблемот е во облик на штит со димензии од 5,3 см. х 6,5 см. кој во горниот дел има златна лента со ознака на „РМ“, во средишниот дел содржи симбол на Царина на Република Македонија со натпис над него во горниот дел „CUSTOMS“, а во долниот дел под симболот „ЦАРИНА“. Симболот од двете страни во долниот дел е врамен со извезен златно жолт венец. (Прилог 10).

Член 13

Ознаките на чиновите од член 9, 11 и 12 се дадени во прилозите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 и се составен дел на овој правилник.

Член 14

Царинските службеници за време на работа ја носат службената облека и ја одржуваат уредно.

Член 15

Службената облека не може да се отуѓи.

На службената облека не можат да се вршат измени на кројот, бојата и ознаките спротивно на одредбите на овој правилник.

Член 16

Времето на траење на службената облека изнесува:

Реден број	НАЗИВ	Количина	Времетраење
1	2	3	4
а)	Делови на зимска службена облека		
1.	Јакна	1	24 м.
2.	Панталони	2	24 м.
3.	Капа	1	24 м.
4.	Кошула со долги ракави	3	24 м.
5.	Блуза-џемпер	1	36 м.
6.	Елек	1	24 м.
7.	Ветровка	1	24 м.
8.	Кожни ракавици	1	60 м.
12.	Чевли	1	24 м.
б)	Делови на летна службена облека		
1.	Јакна	1	24 м.
2.	Панталони	2	24 м.
3.	Кошула со кратки ракави	3	24 м.
4.	Чевли	1	24 м.

Времетраењето на службената облека, односно роковите од став 1 од овој член почнуваат да течат од денот кога царинскиот службеник ја примил службената облека.

Член 17

Ако царинскиот службеник отсуствува од работа подолго од шест месеци по било кој основ, рокот на времетраење на службената облека, односно поедини делови се продолжуваат за време колку што царинскиот службеник отсуствувал од работа.

Член 18

По истекот на роковите на член 16 од овој правилник, службената облека преминува во сопственост на царинскиот службеник на кој му е дадена.

Член 19

Ако на царинскиот службеник му престанал работниот однос пред истекот на рокот на траење на службената облека, царинскиот службеник може да ја задржи со плаќање на надоместок.

Обврската за плаќање од став 1 на овој член не се однесува во случај на смрт на царинскиот службеник односно кога царинскиот службеник оди во пензија.

Член 20

Ако службената облека, по одредбите на овој правилник, преоѓа во сопственост на царинскиот службеник, од службената облека се симнуваат сите ознаки на чиновите и се предаваат на царинарницата.

Член 21

Ако царинскиот службеник службената облека, односно дел од службената облека ја уништил или ја оштетил по своја вина, ги сноси трошоците за набавка на нова службена облека, односно дел од облеката.

Ако службената облека или определен дел од службената облека е уништен и оштетен без вина на царинскиот службеник, царинскиот службеник има право на нова службена облека, односно на соодветен дел од службената облека.

Член 22

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за службена облека на работниците во Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/96).

Член 23

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 18-19583/2
18 септември 2003 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Петар Гошев**, с.р.



Прилог 1

Прилог 2



Прилог 3



Прилог 4



Прилог 5



Прилог 6



Прилог 7



Прилог 8

Прилог 9

Прилог 10

1355.

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (“Службен весник на СРМ“ бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Иберли-Општина Демир Капија.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во “Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Иберли, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето (“Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5787/1 Директор,
17 септември 2003 година **Бисера Јакимовска,** с.р.
Скопје

1356.

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (“Службен весник на СРМ“ бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Црвени Брегови 1 -Општина Неготино.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во “Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Црвени Брегови 1, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето (“Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5788/1 Директор,
17 септември 2003 година **Бисера Јакимовска,** с.р.
Скопје

И С П Р А В К И

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Наредбата за престанок на важење на Наредбата за забрана за увоз во Република Македонија на живи домашни и диви чапункари, семе за вештачко осеменување, јајни клетки и ембриони и патолошки материјал и биолошки производи по потекло од домашни и диви чапункари (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2003), направена е грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА НАРЕДБАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЖИВИ ДОМАШНИ И ДИВИ ЧАПУНКАРИ, СЕМЕ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ, ЈАЈНИ КЛЕТКИ И ЕМБРИОНИ И ПАТОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛ И БИОЛОШКИ ПРОИЗВОДИ ПО ПОТЕКЛО ОД ДОМАШНИ И ДИВИ ЧАПУНКАРИ

Во насловот и членот 1 наместо зборот “чапункари“ треба да стои зборот “преживари“.

Министер,
Славко Петров, с.р.

Огласен дел

С У Д С К И О Г Л А С И

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за ништавност на договор, по тужба на тужителите Захарија, Антигона и Магдалена Циривири од Скопје, против туженио Ѓорѓи Циривири од Скопје, моментално со непозната адреса. Вредност на спорот 40.000,00 денари.

За посебен старател на туженио Ѓорѓи Циривири е поставен Љубиша Димитров, адвокат од Скопје, кој ќе ги штити неговите интереси во постапката се до правосилното завршување на истата или до негово појавување пред судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XV. П. бр. 458/03. (24328)

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, поднесена е тужба поради долг од страна на тужителот Лотарија на Македонија АД Скопје против туженио Бени Поповски од Скопје, со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 118.312,00 денари.

Се повикува туженио Бени Поповски од Скопје, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот, да достави своја адреса или да назначи полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка.

Доколку туженио не се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, неговите интереси ќе ги застапува привременио застапник определен од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на град Скопје, Насер Рауфи адвокат од Скопје, ул. “Битпазарска“

бр. 1, кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, VII. П. бр. 112/02. (24469)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води постапка за развод на брак, по тужба на тужителот Стојчев Слободан од Скопје, против тужената Бисерка Стојчева, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас, да се јави во судот или да достави своја адреса. Во спротивно, нејзините интереси во постапката ќе ги застапува посебниот старател, адвокатот Исмета Амет од Скопје, со седиште во ДТЦ Мавровка, мезанин, локал 9, поставена од МЦСР-Скопје.

